# КУЛТУRЕН ЖИВОТ

1-2/2023



КУЛТУ(Ж)ИВ(R)(О)ТЕН

Списание за култура,
уметност и општествени
прашања

**LXVII** јануари - јуни 2023

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР:
**Љубица Арсовска** (главен уредник),
Лидија Капушевска-Дракулевска
Влатко Коробар,
Ленче Јованова,
Владимир Мартиновски,
Дијана Томиќ Радевска,
Сеад Џигал,
Дона Колар - Панова,
Елена Новкоска (графички уредник)

**Надворешни членови:**
Кевин Робинс (Велика Британија)
Кжиштоф Чижевски(Полска),
Борислав Павловски(Хрватска),

**Редакција и администрација**
Рузвелтова 6, 1000 Скопје
Поштенски преградок 85
Република Северна Македонија
E-mail: kulturen.zivot@yahoo.com
РАКОПИСИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

**ПРЕТПЛАТА**
Цена на примерок: 200 денари ( 5 €)
Жиро сметка: 300000000220032
(даночен број 4030988216004)
За плаќање од странство:
0270100029380
Депонент: Комерцијална банка АДСкопје,
со ознака „Културен живот", Скопје

Printed in Macedonia
Издавањето на списанието е овозможено
со материјална поддршка на
Министерството за култура

**На корицата:**
Димче Николов,
Композиција, 1987

КУЛТУ(ЖИВ)(R)ЕН

1-2/2023

# СОДРЖИНА

Ацо Шопов 5 Има долу една крв

**ИНТЕРВЈУ НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**
Лидија Капушевска Дракулевска 6 Јас - тоа е некој друг (Разговор со Димитрие Дурацоски)

**ЕСЕЈ**
Иван Џепаровски 18 Конески и прочуениот разговор за дрвјата

**ИЗЛОЖБА**
Димче Николов 22 70 години од раѓањето, КИЦ, Скопје

**ЈУБИЛЕЈ**
Јасмина Шопова 24 Ацо Шопов, име кое трајно се приопштува кон светското книжевно наследство

**ЕСЕЈ**
Соња Стојменска-Елзесер 30 Одбрана на поезијата

**ИНТЕРВЈУ НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**
Дијана Томиќ Радевска 32 Важноста на полемиката (Разговор со Соња Абаџиева Димитрова)

**ЛИКОВЕН ЕСЕЈ**
Ангела Витановска 40 Безгласност која говори (Кон групната изложба „На работ на зборовите (The Edge of Words)“)

**ЕСЕЈ**
Марија Коробар-Белчева 46 Еден непознат ракопис на Конески

**ИНТЕРВЈУ**
50 Се надевам дека *Војната нема женско лице* им дава сила на жените во Украина (Транскрипт од видео разговорот со Светлана Алексиевич)

**ПОЕЗИЈА**
58 Поезија од млади украински поети во избор и превод на Никола Маџиров

Благоја Бајковски, Ана Рафаиловска 62 **АРХИТЕКТУРА**
Пишување архитектура
Релации помеѓу архитектурата и литературата

Сања Зографска 66 **ПИСМА ОД АВСТРАЛИЈА (3)**
Луѓето и архитектурата

Гоце Наумов 72 **АРХЕОЛОГИЈА**
Првите кралеви на Европа: изложбена американска турнеја на балканската предисторија

Сања Михајловиќ-Костадиновска 80 **ПАБЛО НЕРУДА (1904-1973)**
За Пабло Неруда и други нешта со Влада Урошевиќ и Владимир Милчин

Таки Павловски 86 **ИЗЛОЖБА**
In memoriam (1939 - 2023)

Александра Јуруковска 88 **ЕСЕЈ**
За вредните книжевни радости

Кирил Темков 94 **ЕСЕЈ**
Погледите на Љубиша Никодиновски - Биш

Деспина Ангеловска 98 **ТЕАТАР**
Театарот, романот и епидемијата („Немезис“, Театар Одеон - Ателје Бертје, Париз)

Гоце Смилевски 104 **ИЗЛОГ НА КНИГИ**
Влада Урошевиќ, *Вонземјанки* (Раскази од Латинскиот кварт)
Анастасија Ѓурчинова 105 Горан Стефановски, *TEATRO* (седум драми во превод на италијански)

Петар Андоновски 107 **ДРАМСКА БИБЛИОТЕКА НА „КУЛТУРЕН ЖИВОТ“**
Лето во кое те нема

*Деспина Анѓеловска*

# Театарот, романот и епидемијата

**Кон претставата „Немезис", „Одеон-Ателје Бертје", Париз, 23 март - 21 април 2023 г.**

„Немезис" е амбициозна и моќна сценска продукција на една од највпечатливите млади француски театарски режисерки, создадена во пост-корона ерата, на преминот меѓу театарот и романот, сонот и кошмарот. Во оваа претстава-триптих, според романот на Ф. Рот, учествуваат повеќе од дваесетина изведувачи, меѓу кои, музичкиот ансамбл „Miroirs étendus" и Детскиот хор од Конзерваториумот од Сен-Дени. Во претставата музиката, изведувана во живо, и видео-снимките во директ, ја продолжуваат и надополнуваат играта на актерите.

Во еден од есеите од својата култна книга *Театарот и неговиот двојник* (Artaud, 1938), Антонен Арто го споредува театарот на суровоста со епидемијата на чума што го зафатила градот Марсеј во 1720 г. Арто ја користи метафората на чумата за да зборува за ужасната моќ на контаминација на театарот за којшто тој сонува. Во светло на епидемијата на ковид што неодамна го зафати глобализираниот (дистописки) свет, младата француска театарска режисерка Тифен Рафје, одбира да го адаптира за сцената последниот роман на американскиот писател Филип Рот (1933-2018), *Немезис* (2010), кој зборува токму за епидемија на полиомиелитис[1] што го зафаќа Њуарк во 1944 г. Во нејзината смела поставка театарот одбива да биде ставен во карантин и се прелева преку зададените рамки како простор на ризик, отпор и слобода, контаминирајќи нѐ и соочувајќи нѐ со клучни етички прашања[2].

Тифен Рафје (1985), режисерка, актерка и драмска писателка, е една од најзабележителните претставнички на младата генерација на француски театарски уметници, која, во својот иновативен и интермедијален пристап, ја спојува исконската желба за раскажување приказни со едно радикално истражување околу моќта и значењето на театарот денес. Рафје ја почнува својата режисерска кариера во 2012 г. со поставување на сопствените драмски текстови. Во 2020 г. предвидената изведба на две нејзини пиеси во театарот „Одеон" е откажана поради епидемијата на ковид. Во 2022 г. Рафје, на сцената на „Одеон", ја поставува својата пиеса „Одговорот на луѓето"[3] во која го соочува размислувањето за водечките етички и морални принципи на човекот со нужностите и итните случаи на конкретниот современ живот. Театарот на Рафје никнува на крстопатот меѓу акцијата/дејството и рефлексијата. Така, и нејзината најнова претстава, „Немезис", се раѓа како реакција на скорешната епидемија на Ковид 19 и на бројните суштински прашања што таа ги отвори. Епидемијата, вели Рафје во програ-